# совет за етика во медиумите на македонија

13.09.2016г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Димитар Богов, за прилогот со наслов "Богов: Според законот за девизно работење има увид во оф-шор фирмите", објавен на 03.08.2016 година во вестите на ТВ 24 Вести и на Интернет порталот на телевизијата (www.24vesti.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 05.08.2016 година, гувернерот на НБРМ- Димитар Богов поднесе жалба за прилогот со наслов "Богов: Според законот за девизно работење има увид во оф-шор фирмите", објавен на 03.08.2016 година во вестите на ТВ 24 Вести и на Интернет порталот на телевизијата (www.24vesti.mk).

Во жалбата се наведува дека во прилогот се изнесени невистини, односно Гувернерот реагира на три дела од прилогот. Поконкретно, во жалбата се вели дека тврдењето: "Имено, според законот сите девизни трансфери кои се прават во Македонија мора да бидат пријавени во Народната банка и тоа и од страната на банката и од страна на лицето кое прави трансфер, што значи дека Гувернерот има информации за оф-шор фирмите" е неточно. Жалителот укажува дека ниту еден закон не пропишува дека сите девизни трансфери коишто се прават во Македонија мора да бидат пријавени во Народната банка. Потоа, се вели дека тврдењето: "И за спорниот Балкан Петролеум кој се обидува да го преземе Макпетрол, Богов изјави дека НБРМ има увид во сопственичката структура, што само потврдува дека гувернерот има пристап до вакви информации" се темели на лага и се потенцира дека Гувернерот никогаш немал дадено таква изјава. Во продолжение на жалбата се укажува дека насловот на прилогот е невистинит, односно дека Народната банка нема увид во оф-шор фирмите и дека тоа во изминатите неколку месеци неколку пати било јасно укажано од Гувернерот и од Народната банка. Понатаму, во жалбата се укажува дека по испраќањето реакција/демант од НБРМ до телевизијата, кој не бил објавен, насловот на прилогот на Интернет порталот на телевизијата бил променет и гласи "Дали Богов има увид во сопственоштвото на оф-шор фирмите со Македонија?". Во жалбата се истакнува дека со изнесените невистини, медиумот и нанел штета на репутацијата на НБРМ и на нејзиното раководство.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија 24 Вести и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Зоран Иванов, одговорен за телевизиската програма, прати одговор на наводите на жалбата. Во одговорот се вели дека до редакцијата на телевизија 24 Вести бил доставен допис од НБРМ во кој се посочуваат одредени "неточности" на дел од содржините на текстот од прилогот, во кој се барало да се објават, што и било направено следниот ден, со цел јавноста да ја слушне и реакцијата на НБРМ на прилогот објавен на 3-ти август. Се наведува дека и насловот објавен на Интернет порталот на 24 Вести, по реакцијата на НБРМ е преиначен, со што тврдењето од претходниот наслов е преиначено во прашање. Во одговорот се вели дека со споменатите кооперативни постапки на телевизијата кон реагирањето на НБРМ сметаат дека недоразбирањата биле надминати. Се вели дека текстот за кој реагира НБРМ се темели и врз контакти на авторот на ТВ прилогот со експерти и познавачи околу фунциите и надлежностите на Народната банка. Наведено е дека и од етички аспект во содржината на ТВ прилогот воопшто нема елементи на навреди или на какви било тенденции или инсинуации кон институцијата или личност кои би упатувале или барем би асоцирале во таа насока. Од телевизијата го испратија и одговорот од новинарката на прилогот, Кристина Атовска. Таа објаснува дека при подготвувањето на прилогот ја контактирала НБРМ и побарала став за обвинувањата од страна на СДСМ и електронски поставила прашања до Аљоша Поповски, поточно дали Гувернерот знае кои се сопственициите на фирмите основани на Белизе, дали го знае сопственикот на Ексико и зошто до Комисијата за хартии од вредност не поднел пријава или известување дека во случајот на АД Бетон – Скопје постои прекршување на Законот за преземање на акционерски друштва. Новинарката вели дека господинот Поповски електронски и го пратил одговорот, во кој се вели дека Народната банка не одговарала на политички памфлети и дека банката е институција задолжена со закон за одржување на ценовната стабилност и сигурноста на банкарскиот систем, како и дека сите неаргументирани напади на Народната банка и гувернерот се, всушност, напади на ценовната стабилност и

стабилноста на банкарскиот сектор. После овој одговор, новинарката од НБРМ добила нов допис со постар прилог од ТВ 24 Вести со наслов: "Форбс: Камчев, Јорданов и Јосифовски се најбогатите Македонци". Таа сметала дека, најверојатно, тоа требало да биде индиректен одговор на прашањето како Гувернерот знае кој е сопственик на Бетон. Атовска наведува дека контактирала со финансиски експерти, кои и' објасниле на кој начин Гувернерот има, односно може да побара, увид во сопствеништвото на која било оф-шор фирма која прави девизни трансфери во земјата. Новинарката контактирала и со поранешниот Гувернер на РМ, Петар Гошев, како најрелевантен извор на информации, кој исто така, и потврдил дека НБРМ има увид во сите девизни трансфери и дека врз основа на нив изготвува платен биланс. Гошев и изјавил на Атовска дека не е пракса НБРМ да бара увид во сопствеништвото на ваквите фирми, но ако сака или ако некоја трансакција изгледа сомнително може да побара увид од банката преку која се врши трансферот, од Централниот регистар или од Комисијата за хартии од вредност. Врз спomенатото, вели Атовска, е донесен заклучокот дека Гувернерот може да побара, односно може да дознае, кој е сопственик на која било оф-шор фирма што врши девизни трансакции во земјата.

Гувернерот Богов испрати и прилог кон пратената жалба. Во него се вели дека од страна на ТВ 24 Вести не било постапено во согласност со одредбите од чл. 18 и 19 од Законот за медиуми, односно не бил објавен демантот/исправката, туку бил објавен нов прилог со наслов "Дали Народната банка може да добие увид во сопствеништвото на оф-шор фирмите", во сите изданија на дневникот на 4 август 2016 и на Интернет порталот на телевизијата. Притоа, во него според укажувањата, бил цитиран само еден дел од демантот/исправкатана начин на кој на јавноста не и' се дало увид во клучните укажувања од НБРМ, во врска со невистините коишто биле објавени во прилогот од 3 август. Во прилог кон жалбата се додава и дека исправката не била објавена на начин кој овозможува од самиот наслов да се види дека се работи за исправка и таа на била објавена во целост на Интернет порталот на телевизијата, иако прилогот на кој реагирале од НБРМ бил објавен на порталот. Се вели дека делот од исправката којшто бил презентиран во јавноста, во истиот прилог бил коментиран од

медиумот, спротивно на Законот за медиуми. Во прилогот на жалбата се вели и дека демант/исправка на прилогот од 4 август бил повторно испратен до ТВ 24 Вести, но тој не бил ниту целосно ниту делумно објавен од ТВ 24 Вести.

Одговорниот на телевизиската програма на ТВ 24 Вести, Зоран Иванов, испрати дополнување на одговорот во кој се вели дека доколку Законот за девизно работење НБРМ има обврска да има увид и да следи секаква парична трансакција од странство кон земјава, тогаш е логично НБРМ да има увид и во гаранцијата за паричната трансакција на фирмата која "аплицира" за Макпетрол. Аналогно на тоа, вели Иванов, новинарството може да извлече заклучок дека НБРМ имала увид во таквата најава, што значи и во конкретната компанија која се инволвира во "случајот Макпетрол". Оттука, произлегол и првиот наслов на прилогот на Интернет порталот на ТВ 24 Вести, дека според Законот за девизно работење, Гувернерот имал увид во оф-шор фирмите, конкретно фирмата, според што не е неточен. Иванов додава и дека вториот наслов, според нив, не е спорен, бидејќи насловите и според "редакциските правила" се во делот на "опрема" и во контекст на текстот, па во секој нареден број тие можат да трпат промени и разни трансформации.

После добиените одговори, се контактираа двете страни кои изразија подготвеност да се продолжи со процес на медијација и на тој начин да се заврши постапката за случајот. По средбите со двете страни, беше заклучено дека Гувернерот не е задоволен од објавениот демант и очекува медиумот да ја признае направената грешка, да се извини, а извинувањето да се прикажува онолку пати колку што се прикажувале и двата прилога кои, според него, треба да се отстранат од Интернет порталот. Од телевизијата, во текот на постапката на медијација, понудија неколку начини на разрешување на спорот, меѓу кои и гостување на Гувернерот или друг претставник од НБРМ во телевизијата (преку учество во емисија, интервју, изјава за вести), со цел јавноста да добие информации од „прва рака" и подетално да се запознае околу овие прашања од јавен интерес. Сепак, и покрај обидот за медијација,

двете страни не најдоа начин за надминување на недоразбирањето, според што случајот се предаде на разгледување на Комисијата за жалби.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и:

**Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите (Усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004 година, на 872-от состанок на претставниците на министрите)**

Чл. 1 Слобода на изразување и информирање по пат на медиуми

- Плуралистичката демократија и слободата на политичка дебата бараат јавноста да биде информирана за прашања од јавно значење, што подразбира и право на медиумите да објавуваат негативни информации и критички мислења кои се однесуваат на политички личности и јавни функционери, како и правото на јавноста да ги прима

Чл. 3 Јавна дебата и надѕор на јавноста над политички личности

- Политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надѕор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.

Чл. 5 Надѕор на јавноста над јавни функционери

- Јавните функционери мора да прифатат дека тие ќе бидат предмет на јавен надѕор и критики, посебно по пат на медиумите, во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции во онаа мера во која тоа е неопходно поради обезбедување транспарентност и одговорно извршување на функцијата.

**Член 17 од Кодексот на административните службеници** во кој се вели дека административниот службеник остварува отворена и редовна комуникација со граѓаните и правните лица, користејќи различни средства и начини за да ги информира за новините од делокругот на работење на институцијата. Административниот службеник кон странките се однесува љубезно, учтиво, со јасно објаснување или советување дадено со смирен тон, должна почит и водење сметка дека истите се обраќаат заради остварување на нивните права, обврски и интереси. Административниот службеник на предлозите добиени од странките им пристапува отворено и сериозно и постојано работи на подигнување на квалитетот на јавните услуги и на општественото живеење. Сите забелешки, критики и проблеми посочени од страна на странките ги сослушува со трпение и без предрасуди, а секогаш кога странките се незадоволни од одговорот бара арбитрирање од непосредно претпоставениот административен службеник или пораката ја пренесува и упатува до него.

**Член 8 ст. 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен каратер,** во кој се вели дека службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.

***

На седницата на 31.08.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Димитар Богов, направи увид во наведениот прилог, ги разгледа одговорите од Зоран Иванов и Кристина Атовска од ТВ 24 Вести, направи увид во важечките нормативи и направи увид во прилогот кој се објави следниот ден на телевизијата, по добивање на реакцијата од НБРМ.

Членовите на Комисијата, најпрво, констатираа дека медиумскиот производ произлегува од ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС и, како таков, работата на Гувернерот на НБРМ претставува легитимна новинарска цел. Впрочем, во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, политичарите и јавните функционери прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа.

Понатаму, Комисијата констатираше дека новинарот при анализата на нормативите влегол во екстензивно толкување на законските одредби и, притоа, извел погрешен заклучок за овластувањата на Гувернерот.

Но, непрецизноста во анализата кај новинарот произлегува и од страна на задолжениот службеник за слободен пристап до информации од јавен карактер во НБРМ, кој спротивно на чл 8 ст. 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и чл. 17 од Кодексот на административните службеници, влегол во материјална расправа со новинарот, коментирајќи ги прашањата и карактеризирајќи ги како политички памфлет. Притоа тој учтиво не ги разјаснил дилемите на новинарот, иако според службена должност морал да се однесува на тој начин.

Поради ова, Комисијата за жалби нотира дека од Кабинетот на гувернерот Богов не одговориле соодветно и професионално на новинарските прашања.

***

Комисијата за жалби го истакнува активното учество на ТВ 24 Вести во целиот процес, почнувајќи од објавувањето на демантот и подготвеноста да се реши случајот со медијација.

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Богов: Според законот за девизно работење има увид во оф-шор фирмите", објавен на 03.08.2016 година во вестите на ТВ 24 Вести и на Интернет порталот на телевизијата, прекршен е член 1, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или извадоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Комисијата за жалби апелира до институциите, со цел во иднина да се избегнат вакви и слични ситуации, да одговараат на поставените прашања од новинарите во согласност со **Законот за слободен пристап до информации од јавен каратер и Кодексот на административните службеници**, а во случаи кога ќе увидат дека новинарите не се упатени во тематиката, сеопфатно да им ја појаснат фактичката состојба. Неодговарањето на поставените прашања од страна на новинарите остава простор за шпекулации.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири и Беким Ајдини.

**Се обврзуваат ТВ 24 Вести и Интернет порталот на ТВ 24 Вести (www.24vesti.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски